Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 61 став 1 алинеа 9 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), Градоначалникот на Општина Берово, на ден 30.01.2018 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за измена на Правилник
## за систематизација на работните места во Општина Берово

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања во Правилникот за систематизација на работни места во Општина Берово бр. 01-1017/1 од 29.12.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација број 01-1117/2 од 13.04.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација број 01-1566/2 од 15.06.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација број 01-2593/4 од 19.12.2016 година, и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација број 01-617/1 од 22.03.2017 година и тоа:

Во глава II во членовите 7, 8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришаат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ и

- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

- За сите нивоа на категорија В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор , член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

- За сите нивоа на категорија Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор , член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве: 1) Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен; 2) Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или 3) ECDL: Core - положен

**Член 2**

Во глава II во членовите 7, 8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- положен испит за административно управување (кај сите нивоа од категорија Б).

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

**Бр. 01 – 389/1**
**30.01.2018 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски**